МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА
НА НАУКИТЕ — БИБЛИОТЕКА

S II 437

ГЛАСНИК

НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

ГОД. XIV БРОЈ 1

Одделен отпечаток

АЛЕКСАНДАР МАТКОВСКИ

# УШТЕ ЕДНА МАРИОВСКА БУНА (1688/89 ГОД.)

СКОПЈЕ

1970

8 II 437

*Д-р АЛЕКСАНДАР МАТКОВСКИ*

# УШТЕ ЕДНА МАРИОВСКА БУНА (1688/89 ГОДИНА)

Во историјата на македонскиот народ позната е Мариовската буна од 1564 година.[1]) За оваа буна не се знаело сè до 1933 година. Во оваа година истанбулскиот професор Ахмет Рефик за првпат објави еден турски документ со што ја запозна научната јавност со постоењето на оваа буна.[2]) Во својата збирка тој избрал 99 документи, кои главно се однесуваат на Бугарија. Во уводот не напишал од каде ги зел овие документи, каде тие се чуваат и не дал ни факсимили, ни сигнатури на истите. Меѓутоа, подоцна е установено и сега се знае дека документите ги зел од фондот Mühimme defterleri што се чуваат во Başvekaleti arşivi во Истанбул. Документот бр. 9 од оваа збирка се однесува на споменатата Мариовска буна. Подоцна, овој документ се преведувал и преобјавувал. Во 1938 година Петар Мијатев на бугарски јазик го превел и го исползувал за пишување на статија.[3]) По две години и Панчо Дорев истиот документ го преобјавува во неговата збирка на документи со погрешка во годината; место 1564 ставил 1565 година.[4]) По Втората светска војна проф. Љубен Лапе напиша статија во која го исползува овој документ[5]) цитирајќи го целиот онака како што го објавил Дорев, заедно со грешката во годината. Во исто време, со статија се јавил и проф. Д-р Воислав Радовановиќ кој дал и убификација на сите села што се споменуваат во документот, а кои, поради арапскиот правопис, не биле добро про-

---

[1]) Историја на македонскиот народ I. ИНИ Скопје, 1969 г. стр. 269—270.

[2]) Ahmet Refik, Türk idaresinde Bulgaristan. Istanbul 1933, str. 11, dok. 9.

[3]) Петъръ Миятевъ, Опитъ за въстание въ Македония презъ 1564 год. Македонски прегледъ, год. XI, кн. 1 и 2, София 1938, стр. 142—146.

[4]) Панчо Доревъ, Документи изъ турските държавни архиви (1564—1872). III, стр. 2.

[5]) Љубен Лапе, Прилог кон историјата на борбите на нашиот народ во XVI и почетокот на XVII век против турската власт. „Нов ден“, год. IV, бр. 5, Скопје 1948, стр. 26—39.